РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2556/5

05-11-2025 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 24–та седница одржана на 03.11.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-2556/1 од 23.09.2025 година, оформен по пријава од непознат подносител против лицето ---- ----, Директор на ООУ „---- " – Општина ---- ---- , **СЕ ЗАПИРА.**

Наводите изнесени во пријавата со бр. 12-2556/1 од 23.09.2025 година, не се потврдуваат.

Предметот со бр. 12-2556/1 од 23.09.2025 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 23.09.2025 година, поднесена е пријава против лицето ----, Директор на ООУ „---- " – ---- ---- ---- и оформен е предмет бр. 12-2556/1 од 23.09.2025 година.

Во наводите во пријавата е наведено дека во период од 90 дена пред избори не се дозволени нови вработувања, распоредувања, унапредувања или склучувања нови договори за работа во јавни институции. Во конкретниот случај било вработено лицето ---- на 17.09.2025 година во ООУ „---- " – Општина ---- ---- (понатаму: Училиште), како психолог, на веќе распишани избори.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК, постапувајќи согласно член 23 став 1 и став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со цел прибавување на потребни податоци и информации заради целосно утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, достави барања за прибирање на податоци и информации до надлежни институции, од каде во законски утврдениот рок беа доставени одговори со бараната документација.

Од извршениот увид во целокупната документација по оформениот предмет, ДКСК ја утврди следната фактичка состојба:

Со допис – Доставување на податоци и информации бр. 03-268/2 од 14.10.2025 година, Градоначалникот изјавил дека лицето ---- била вработена на работното место – Психолог во Училиштето, бидејќи истото работно место било упразнето од пензиониран работник на ден 31.08.2025 година. Имајќи ја во предвид итната потреба од вработување на психолог, по добиена согласност од Градоначалникот на Општина ---- ----, работното место било потполнето по член 22 став 5 од Законот за работни односи, за итни и неодложни работи на определено време без објавување на јавен оглас, а со посредување на Центарот за вработување – ----.
Со Договор за вработување (на определено време) бр. ---- од 17.09.2025 година, бил засновan работен однос помеѓу Училиштето како работодавач, претставувано од директорот ---- (понатаму: Директор). Работниот однос бил засновan на опредлено време, започнувајќи од 17.09.2025 година.
Видно од Образецот М1/М2, издаден од страна на АВРСМ – Центар за вработување на Град ---- на 16.09.2025 година, лицето ---- склучила договор за вработување на опредлено време со Училиштето за период од 3 месеци, со датум на пријава на 17.09.2025 година, на работното место – Психолог. Согласноста за вработувањето била дадена од Градоначалникот на Општина ---- ---- со акт бр. ---- од 01.09.2025 година.

*Според член 2 точка 29 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", бр. 40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/2011, 51/2011, 142/2012, 31/2013, 34/2013, 14/2014, 30/2014, 196/2015, 35/2016, 97/2016, 99/2016, 136/2016, 142/2016, 67/2017, 125/2017, 35/2018, 99/2018, 140/2018, 208/2018 и 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 98/2019, 42/2020, 74/2021, 215/2021, 58/2024 и 76/2024), „Случаи на итни и неодложни работи", покрај останатото се вработувањата на определно време на наставен кадар за непречено одвивање на образовниот процес.*

ДКСК утврди дека наводите изнесени во поднесената пријава не се основани.

Имајќи го предвид сето погоренаведено, ДКСК утврди дека наводите не се потврдуваат, односно преземените дејствија не се дел од забраните во изборниот законик, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д. Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk